ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА
# СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
# СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ
# АКТИВНОСТИ (787)

01 2023 03 07/3

Скопје, декември 2023 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за животна средина и просторно планирање, на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на Министерство за животна средина и просторно планирање, сметка на буџет на самофинансирачки активности (787) за 2014 година, при што овластениот државен ревизор има изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Во февруари 2016 година извршена е проверка на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2014 година и издаден е Преглед за статусот на спроведување на препораките. Од содржината на презентираните податоци во наведениот Преглед, ревизијата констатира дека од дадените 5 препораки, една препорака е спроведена, 2 препораки се делумно спроведени, спроведувањето на една препорака е во тек и една препорака не е спроведена.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Министерството, сметка на на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2022 година, констатирани се следниве состојби:

- сметководствено-финансиските работи не се водат навремено, целосно и ажурно и не е спроведен попис на побарувањата и обврските;
- ненавремено евидентирање на реализираните услуги и остварениот приход по истите и
- потребата од зајакнување на капацитетите и вработување на стручен кадар во Одделението за Лабораторија со цел акредитација на методите за емисии во воздух, како и во делот на континуирано користење, одржување и сервисирање на опремата.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет  ревизијата извести за потребата од преиспитување/усогласување  на цените за услугите кои ги врши одделението за Лабораторија при Министерството и имплемнтирање на истите во нов Правилник/ценовник.

Од одговорното лице на Министерството не се доставени забелешки на Нацрт извештајот број 13-189/10 од 30.10.2023 година.

# С О Д Р Ж И Н А

| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. | Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 3 |
| 4. | Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 5 |
| 5. | Законска основа за ревизијата и временски период | 5 |
| 6. | Опфат и ограничувања | 6 |
| 7. | Одговорност за финансиски извештаи | 6 |
| 8. | Одговорност на ревизорите | 7 |
| 9. | Одговор на ревидираниот субјект | 8 |
| Финансиски извештаи за 2022 година | | |
| Биланс на приходи и расходи | | 9 |
| Биланс на состојба | | 10 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | | |
| Вовед | | 11 |
| Сметководствени политики | | 11 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | | 14 |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| Министерството | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| ДИЖС | Државен инспекторат за животна средина |

Број: 13-189/16
Дата: 29.12.2023

## 1. Вовед

Министерството за животна средина и просторно планирање како орган на државна управа е основано и организирано согласно одредбите на Законот за организација и работа на органите на државна управа[1].
Согласно законската регулатива, Министерството е надлежно да ги врши работите што се однесуваат на заштитата на водите, почвата, воздухот, заштита од бучава, радијација, националните паркови и заштитените области, предлагањето мерки за третман на цврст отпад, просторното планирање, заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на почвата, водата, воздухот, на биолошката разновидност и други природни богатства, како и надзорот од негова надлежност, поради што се применуваат и одредбите на посебни закони за одделни медиуми и области на животната средина како и други работи утврдени со закон.

На оваа сметка Министерството остварува приходи од: издавање интегрирана еколошка дозвола или дозвола за усогласување со Оперативен план на операторите со инсталации чии активности имаат ефект врз загадувањето на животната средина, надоместоци за нивен редовен надзор, , приходи од полагање на стручен испит и други приходи.

[1] „Службен весник на Република Македонија“ број 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10, 51/11, 96/19 и 110/19

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна 9 и 10 на Министерството, на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за 2022 година на сметката на на буџет од самофинансирачки активности (787) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1., финансиските извешти не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 31 декември 2022 година на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), како и финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2., финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за животна средина и просторно планирање за 2022 година, на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите, согласно ISSAI стандардите, се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достаточни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Утврдените состојби во точка 3.1.1 од извештајот на Министерството за животна средина и просторно планирање- сметка на основен буџет (637) кои се однесуваат на неизвршен попис на средства, обврските и побарувањата кое има влијание на реалноста и објективноста на податоците прикажани во финансискиот извештај Биланс на состојбата како и неажурното водење на сметководствената евиденција, се однесуваат и за оваа сметка.

3.1.2. Во текот на 2022 година Одделението за лабораторија и терrenски мерења при Министерството во сметководствената евиденција евидентирало фактури по основ на извршени услуги од купувачи во вкупен износ од 1.538 илјади денари. Со извршениот увид и анализа на истите утврдивме дека дел од истите потекнуваат од минати години и тоа:

- фактури во висина од 1.064 илјади денари кои потекнуваат од 2021 година по основ на склучен Договор за јавно приватно партнерство и
- фактури по основ на извршени лабораториски анализи во висина 66 илјади денари кои потекнуваат од минати години.

Ваквата состојба не е во согласност со член 7 став 2 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници каде е утврдено дека податоците регистрирани во деловните книги и во другите извештаи мораат да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурирани и да бидат презентирани хронолошки, односно точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување. Ефект на ваквата состојба е ненавремено евидентирање на побарувањата кое има влијание на финансикиот извештај Биланс на состојба и неовозможува навремено презмање на мерки за нивна наплата.

Препорака:
Одговорното лице во Министерството да преземе мерки и активности за навремено сметководствено евидентирање на излезните фактури.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Согласно Правилникот за внатрешна организација, Одделението за лабораторија и теренски мерења при Министерството функционира како дел од Секторот за животна средина во рамките на Управата за животна средина

и има за задача мерење со цел континуирано следење на квалитетот на животната средина. Примарна активност на Одделението за лабораторија за животна средина е континуирано следење на квалитетот на животната средина (вода, воздух, почва) при што се користат различни физичко-хемиски методи на мерење и анализа, како и мерење и анализа на ниво на бучава и вибрации.

До 2015 година, до одвојувањето на Државниот инспекторат за животна средина (ДИЖС) со статус на посебно правно лице, во надлежноста на лабораторијата е содржана и поддршката на ДИЖС во неговата улога на спроведување на законите. Од 2015 година, до периодот на известување од извршената ревизија, поради тоа што Централната лабораторија за животна средина не поседува акредитација за воздух, ДИЖС со јавна набавка врши избор на оператор - акредитирана лабораторија која ги врши мерењата на воздухот во име на инспекторатот, и покрај тоа што Лабораторијата е целосно опремена и е во можност да ги врши сите анализи, не поседува доволно стручен кадар со цел да биде акредитирана и за медиумот воздух.

Поради наведеното, избраниот оператор од ДИЖС врши мерење и изготвува извештаи и елаборати и за операторите на инсталации кои поседуваат А - интегрирани дозволи. Во услови кога една иста лабораторија врши мерења и за субјектот носител на интегрирана дозвола и за државниот инспекторат кој треба да врши редовен или вонреден инспекциски надзор над инсталациите се создава ризик од необјективно прикажување на податоците од извршените мерења.

Наведената состојба е истакната во Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на Овластениот државен ревизор „Даноците за животна средина во функција на ефективно спроведување на политиките за заштита на животната средина".

Ваквата состојба не е во согласност со член 32 од Законот за животната средина каде е уредено дека една од надлежностите на Министерството е Мониторингот на животната средина кој содржи систематско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите и областите на животната средина во целина, систематизирано мерење, следење и контрола на состојбите, квалитетот и промените на медиумите и областите на животната средина и може да создаде ризик од необјективно прикажување на податоците од извршените мерења на загадувањето на воздухот при изготвувањето на извештаи и елаборати за операторите на инсталации кои поседуваат А - интегрирани дозволи кои претставуваат основа за поседување/одземање на А интегрираната дозвола.

Од страна на Министерството во 2022 година е доставена Информација[2] до Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија со која е претставен статусот на Централната лабораторија за животна средина како и потребата и условите за акредитација на нови методи за емисии во воздух. И покрај тоа што во 2021 година се набавени инструменти за наведената акредитација, потребна е соодветна кадровска екипираност за започнување на акредитацијата на методите за емисии во воздух. Поради наведеното, во доставената Информација е истакнато дека е потребно зајакнување на капацитетите и вработување на стручен кадар кој е од клучно значење за акредитацијата на методите за емисии во воздух, како и за континуирано користење, одржување и сервисирање на опремата. Од страна на Министерството за финансии е добиено Известување[3] по доставената Информација во кое се укажува дека новите вработувања е потребно да се реализираат преку мобилност и преземање на вработени од дуги институции од јавниот сектор.

Истакнуваме дека Централната лабораторија е сертифицирана со 7 методи за тестирање од кои 6 се за квалитет за вода и еден за бучава, додека во 2023 година Лабораторијата има добиено 5 нови акрадитации за површински води.

Препорака:

Одговорното лице во Министерството да продолжи со преземање на мерки и активности за целосна акредитација на лабораторијата како и за обезбедување на стручен кадар.

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. Од страна на Министерот во 2014 година е донесен Правилник за трошоците за работите извршени надвор од управната постапка по барање на странката[4] каде се утврдени цени за анализи како и за други трошоци (увид, превоз и друго). Поради тоа што е поминат подолг временски период од донесувањето на Правилникот а цените на реагенсите како и другите трошоци во меѓувреме се зголемени, ревизијата укажува дека е потребно преиспитување/успогласување на цените за наведените услуги и донесување на нов Правилник/ценовник на Лабораторијата.

---

[2] Информација за оддржување на предвиденат акредитација на лабараторијата и акредитација на нови методи број 11-7479/1 од 14.10.2022 година

[3] 08-6966/2 од 16.11.2022 година

[4] 15.02.2014 година

## 5. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.
Ревизијата е планирана и извршена во периодот од 21.03.2023 до 06.10.2023 година во Министерството за животна средина и просторно планирање на сметката буџет на самофинансирачки активности (787) од тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Министерството, сметка на буџет на самофинансирачки активности (787), за 2014 година, во кој е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Во февруари 2016 година извршена е проверка на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2014 година и издаден е Преглед за статусот на спроведување на препораките. Од содржината на презентираните податоци во наведениот Преглед, ревизијата констатира дека од дадените 5 препораки, една препорака е спроведена, 2 препораки се делумно спроведени, спроведувањето на една препорака е во тек и една препорака не е спроведена.

## 6. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 7. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на министерот за животна средина и просторно планирање, застапувано од:

- Насер Нуредини, министер од 27.06.2019 година до 23.02.2023 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Министерот е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 8. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Министерството, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на

ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на Министерството. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице во Министерството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 9. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој конечен извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Министерството за животна средсина и просторно планирање, одржан на ден 27.09.2023 година, за истите дадоа свои коментари и објаснување.

Од одговорното лице на Министерството не се доставени забелешки на Нацрт извештајот број 13-189/10 од 30.10.2023 година.

| Министерство за животна средина и просторно планирање | | | |
|---|---|---|---|
| сметка на самофинансирачки дејности | | | |
| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 година | | | |
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 3.143 | 1.095 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 5.933 | 5.965 |
| **Вкупно приходи** | | **9.076** | **7.060** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.3.1. | 457 | 533 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **457** | **533** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4. | 864 | 595 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **864** | **595** |
| **Вкупно расходи** | | **1.321** | **1.128** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **7.755** | **5.932** |

Министерство за животна средина и просторно планирање

смерка на самофинансирачки дејности

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 7.755 | 5.934 |
| Побарувања | 4.1.2. | 1.879 | 1.273 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3. | 1 | 1 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.4. | 2 | 2 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.5. | 6 | 6 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 39 | 39 |
| **Вкупно тековни средства** | | **9.682** | **7.255** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **9.682** | **7.255** |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 31 | 31 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 9.651 | 7.224 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **9.682** | **7.255** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **9.682** | **7.255** |